Врз основа на член 9 став 5 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02 и 42/03година), министерот за финансии донесе

**У П А Т С Т В О**
**за начинот и постапката за отворање**
**и затворање на сметка**
("Службен весник на Република Македонија" број 115/05)

1. Со ова упатство се пропишува начинот и постапката за отворање и затворање на сметки на учесниците во платниот промет.

2. Учесникот во платниот промет отвора сметка кај носителот на платниот промет врз основа на писмено барање.

Со барањето за отворање на сметка учесникот во платниот промет му доставува на носителот на платниот промет:

1) решение за упис во трговскиот регистар, односно во регистерот на надлежен орган, ако уписот во регистар е пропишан со закон;

2) акт од надлежен орган за основање, ако учесникот не е запишан во регистар и не е основан врз основа на закон;

3) извод од законот, ако учесникот е основан согласно со закон;

4) акт за распоредување на деловниот субјект според претежната дејност, согласно со Националната класификација на дејностите;

5) доказ за единствен даночен број;

6) пријава на овластени лица за располагање со средствата на сметките, со потпис и печат со кои ќе се заверуваат инструментите на платниот промет;

7) изјава за прифаќање и реализација на акцептните налози издадени заклучно со 30 јуни 2001 година, на товар на имателот на сметката кој е согласен, доколку на сметката нема доволно средства за потполно извршување на акцептниот налог, банката преку Единствениот регистар на иматели на сметки во клириншката куќа да ги извести другите банки да не дозволат извршување на другите налози освен налозите за пренос на средствата на сметката каде што е доставен акцептниот налог, се до негово целосно извршување;

8) доказ дека сметката е пренесена од Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, и

9) други докази по барање на носителот на платниот промет.

Документите од точката 2 став 2 потточки 1, 4 и 5 за отворањето на сметка може да се обезбедат и во електронска форма од Централниот регистар на Република Македонија.

Носителот на платниот промет при отворањето на првата сметка најдоцна во рок од 24 часа од приемот на документите во електронска форма од Централниот регистар на Република Македонија, до Централниот регистар на Република Македонија доставува податок за сметката на учесникот во платниот промет.

Отворањето, водењето и затворањето на сметките се утврдуваат со договор помеѓу носителот на платниот промет и учесникот во платниот промет. Договорот го потпишуваат лицата овластени за застапување на договорените страни, односно лицата кои тие ќе ги овластат.

Отворањето на сметка на учесникот во платниот промет за кого е отворена стечајна постапка се врши врз основа на писмено барање на стечајниот управник кај еден носител на платен промет кој тој ќе го определи, со кое се поднесува решение од надлежниот суд за отворање на стечајна постапка

При отворање на сметка во стечај, стечајниот управник освен решението од надлежниот суд за отворање на стечајна постапка и прилозите содржани во подточките 4 и 5 од точката 2 со писменото барање доставува и заверен потпис на овластеното лице за застапување и налози за пренос на средствата од сметките кои гаснат и се пренесуваат на новоотворената сметка во стечај, како и пријава на овластени лица за располагање со средствата на сметките со потпис и печат со кој ќе се заверуваат инструментите на платниот промет.

Стечајниот управник може да издаде налог на товар на новоотворената сметка во стечај единствено ако постапил согласно точка 4 од ова упатство.

Во случај да се извршени промени кај деловниот субјект кој што е во постапка на стечај се поднесува решение за извршените промени.

3. Носителот на платниот промет може да ја затвори сметката на учесникот во платниот промет врз основа на негово писмено барање за затворање на сметка или врз основа на договор за отворање на сметка кој учесникот го склучил со носителот на платниот промет, а средствата на сметката ги пренесува на сметка која што ја одредил учесникот во платниот промет.

Носителот на платниот промет може да ја затвори сметката на учесникот во платниот промет и без негово писмено барање доколку учесникот во платниот промет престане да постои како правен субјект врз основа на закон или врз основа на одлука на суд или друг надлежен орган.

Средствата од затворените сметки носителот на платниот промет ги пренесува на сметка на правниот следбеник, односно на сметка на учесник во платниот промет одреден со закон или друг пропис.

Ако со закон или друг пропис не е одреден правниот следбеник или учесник во платниот промет на чија сметка треба средствата да се пренесат, средствата од затворените сметки носителот на платниот промет ги пренесува на сметка отворена кај носителот на платниот промет наменета за средства кои не се користат, а носителот на платниот промет треба за тоа да го извести учесникот во платниот промет кој претходно бил овластен да располага со средствата од затворената сметка во рок од 3 (три) работни денови сметано од денот на затворање на сметката.

Сметката на учесникот во платниот промет не може да се затвори доколку на истата се евидентирани неизвршени налози и основи за наплата, а истите не се пренесени на правен следбеник, со исклучок на став 2 од точка 3.

4. Стечајниот управник треба да достави писмено барање за затворање на сметките на учесникот во платниот промет за кој е отворена стечајна постапка до сите носители на платен промет каде истиот има отворено сметки.

Со барањето за затворање на сметките во кое е наведена и отворената сметка во стечај, стечајниот управник ги доставува и следните документи:

- решение од надлежниот суд за отворање на стечајна постапка.
- заверен потпис на овластено лице за застапување;
- налог за пренос на средства од сметките кои гаснат на новоотворената сметка во стечај.

Носителите на платниот промет кои претходно иницирале блокади на сметките на учесникот во платниот промет над кого е отворена стечајна постапка, треба заедно со постапката за затворање на сметките во смисла на став 1 од оваа точка да ги известат сите носители на платниот промет преку Единствениот регистер на иматели на сметки дека сметките се деблокирани.

5. Со денот на отпочнување на примена на ова упатство, престанува да важи Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на сметка ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/01 и 58/01).

6. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2006 година.

Број 11 - 37095/2
26 декември 2005 година
Скопје

**МИНИСТЕР,**
м-р Никола Поповски, с.р.